Стојче Радески

# ПРИРАЧНИК за Финансиска писменост

## Управување и планирање на личен буџет

1 дел



## ФИНАНСИСКА  ПИСМЕНОСТ

## ШТО Е ТОА?

Финансиска писменост е знаење, кое опфаќа вештини и ставови кои овозможуваат на човекот да носи добри одлуки при управување со парите односно личниот буџет, што подразбира  заработка , трошење, штедење, управување и инвестирање на пари.

Финансиската писменост води до финансиска мудрост, односно до способност за управување со парите, не е важно само да се има пари, туку можеби поважна е способноста за нивно користење односно управување  со што би носеле паметни одлуки сега и во иднина.

За жал финансиската писменост скоро да не е воопшто застапена во образовниот систем во Македонија. Нивото на финансиска писменост на населението е на многу ниско ниво. Од страна на Народна банка на Република Македонија има издадено прирачник и брошури за подигање на свеста за финасиска писменост но за жал во многу мал број примероци.

Од страна на издавачките куќи има отпечатено неколку книги на македонски јазик на тема финансиска писменост од кој би ја издвоил “Богат татко, сиромашен татко” од авторот Роберт Киосаки како и книгата “Дали финансиите се навистина (такво) страшило” од авторите Хелена Кодрич Мори  и Смиљан Мори, кои јас ви ги препорачувам.



## ПЛАН И ЦЕЛИ

Прв чекор на патот кон финансиска писменост е превземање на финансиска одговорност. Под финансиска одговорност се подразбираат неколку постапки односно чекори. Тие се:

1. Проценете ја вашата моментална финансиска состојба

2. Поставете ги вашите финансиски цели
   -краткорочни цели
   -долгорочни цели

3. Одредете ги активностите што треба да ги преземете
   -направете план на приходи и трошоци
   -следете ги приходите и трошоците секој месец

4. Изработка на финансиски план;

5. Спроведување на планот;

Обично кај нас со планирање и проценка на моменталната финансиска ситуација се прави народски кажано “кога водата ни дошла до грло” односно кога веќе сме во некоја тешка ситуација или криза. Многу е полесно да почнеме со планирање во моментите пред тоа или поточно веднаш.

Невозможно е да се управува со финасиите ако не знаете со колку пари располагате, колкави се вашите долгови, колкави се вашите месечни приливи и што е најважно кои се вашите цели.

Дали имате воопшто одредено кои се вашите цели во иднина. Дали сонувате за ваш сопствен бизнис, или за патување на далечни дестинации, школување на вашите деца на приватни универзитети и сл.

Се тоа се финансиски цели а кога се одредуваат цели најбитни се три клучни работи:

- Бидете конкретни-точно одредете што сакате и за колку време. Целите може да бидат краткорочни( за неколку дена, месеци или година) и долгорочни (пет, десет години ...)
- Бидете реални – бидете сигурни дека вашите цели се остварливи. Ако си поставите недостижни имагинарни цели многу е веројатно дека ќе се разочарате што не сте ги постигнале.
- Запишете ги вашите цели- запишувајќи ги вашите цели и временскиот период кој сте го планирале полесно ќе ги следите чекорите за нивно исполнување. Исто така добро е така напишаните цели да ги поставите на место каде што ќе ги гледате секој ден. Ако е можно целите илустрирајте ги и со фотографија и визуелно да се потсетувате на нив. На пример ако е цел автомобил поставете фотографија од автомобилот кој го сакате и напишете датум кога планирате да го купите.

Напишете ги вашите цели:

Краткорочни цели

Долгорочни цели

Кога сте ги дефинирале вашите финансиски цели(во суштина сите цели се финансиски цели бидејќи за да се остварат целите потребни ни се финансии), на ред е да почнете да размислувате како на кој начин ќе ги постигнете. Тогаш почнуваат да ви се појавуваат некој од овие прашања:

-Колку пари имам во моментов? Колку пари ќе ми бидат потребни за постигање на мојата цел? Колку време ќе ми треба за да ги заработам тие средства?
-Дали постојат некој цели кои се поприоритени од другите? Што ми е поважно во моментов а што ќе ми биде поважно за 5 години?
-Дали пред да тргнам кон постигнување на целта ќе ми треба одредена сума пари(почетен капитал)?

Како би го одредиле најсигурниот и најисправниот правец, детално мора да ја анализирате својата финансиска ситуација, при тоа посебно размислете на следните прашања:

1. Кои се вашите потреби?
2. Каква е вашата моментална финансиска слика?
3. Каков е вашиот однос према парите?

Одговорите на овие прашања ќе ги пронајдете во планот за вашиот личен буџет, планирањето и изработката на вашиот личен буџет е следен чекор на патот кон финансиска писменост.



## ПЛАН ЗА ЛИЧЕН БУЏЕТ

Изработка и планирање на личниот буџет иако звучи банално ни малку не е лесно, но е најдобар начин како да превземете контрола над вашата финансиска иднина. Треба да размислувате за буџетот како ваш план за трошење. Со тоа ќе станете свесни колку вистински пари имате на располагање, каде одат тие и колку остануваат, ако воопшто остануваат. Преку буџетот можете да препознаете точно каде најмногу ви бегаат парите и колку што е тоа возможно тие средства да се пренасочат онаму каде ви се попотребни односно покривање на долговите или вложување во нешто што ќе ви донесе нови поголеми приходи.

Планирањето на личниот буџет се започнува на следен начин:

1. Дефинирање на вашите приходи

   - Редовни приходи (плата, пензија, рента, кирија и сл.)

   - Повремени приходи(хонорари, провизии, наследство, добивки и сл.)

2. Дефинирање на трошоци

   -Редовни трошоци(кои се делат на дневни, месечни, годишни),

   храна,гориво,сметки,кредит,кирија,регистрација,данок и сл.

   -Повремени трошоци(кои настануваат повремено, изненадно и

   неочекувано) несреќи, болести, дефекти, веселби, едукации, патувања и сл.

Изработката на планот за личниот буџет можете да го направите на неколку начини. Наједноставен и најлесен начин е да земете еден бел лист и пенкало, со една вертикална линија поделете го листот на средина , лево напишете трошоци десно приходи а најгоре напишете Јануари 2021 год. Еден таков пример имате на следната страна како би изгледало сето тоа. Ако ви е полесно испечатете ја таа страна за секој месец во годината. И веднаш почнете лево да ги внесувате трошоците што сте ги направиле во тековниот месец по ставки и сума а десно внесете ги сумите по ставки од вашите приходи. Исто така на следната страна имате и примери на ставки за трошоци и ставки за приходи заради полесно внесување.

# *ПЛАН ЗА МЕСЕЦ*
# *ЈАНУАРИ*

| *ТРОШОЦИ* | | | *ПРИХОДИ* | | |
|---|---|---|---|---|---|
| дата | ставка | денари | дата | ставка | денари |
| 1 | | | 1 | | |
| 2 | | | 2 | | |
| 3 | | | 3 | | |
| 4 | | | 4 | | |
| 5 | | | 5 | | |
| 6 | | | 6 | | |
| 7 | | | 7 | | |
| 8 | | | 8 | | |
| 9 | | | 9 | | |
| 10 | | | 10 | | |
| 11 | | | 11 | | |
| 12 | | | 12 | | |
| 13 | | | 13 | | |
| 14 | | | 14 | | |
| 15 | | | 15 | | |
| 16 | | | 16 | | |
| 17 | | | 17 | | |
| 18 | | | 18 | | |
| 19 | | | 19 | | |
| 20 | | | 20 | | |
| 21 | | | 21 | | |
| 22 | | | 22 | | |
| 23 | | | 23 | | |
| 24 | | | 24 | | |
| 25 | | | 25 | | |
| 26 | | | 26 | | |
| 27 | | | 27 | | |
| 28 | | | 28 | | |
| 29 | | | 29 | | |
| 30 | | | 30 | | |
| 31 | | | 31 | | |
| | **ВКУПНО(Т):** | | | **ВКУПНО(П):** | |
| | | | | | |

**ВКУПНО САЛДО(П – Т =): ден.**

# Категории и ставки за буџет- трошоци

КУЌА, СТАН
-кирија
-реновирање
-поправки
-осигурување
-средства за чистење
-алати
-декор
-мебел

СМЕТКИ
-струја
-интернет
-вода
-греење
-телефон
-телевизија

ХРАНА
-продукти

ЛИЧНА НЕГА
-козметика
-бербер,фризер

ДЕЦА
-училиште
-облека
-дадилка
-забава
-спорт
-играчки

ЗДРАВЈЕ
-редовни посети
-заболекар
-очен лекар
-лекови
-витамини
-операции
-лечење

ЗАБАВА
-концерти
-кафиќ
-вечери
-кино
-технологија

СПОРТ
-теретана
-фитнес
-опрема

ТРАНСПОРТ
-гориво
-сервис
-паркинг
-јавен превоз
-рата за кола

МИЛЕНИЦИ
-храна
-ветеринар

ОСИГУРУВАЊЕ
-автомобилско
-лично животно
-здравствено приватно

# Категории и ставки за буџет- приходи

ПЛАТА 1
ПЛАТА 2
ПРОВИЗИЈА
ХОНОРАР
КИРИЈА
НАСЛЕДСТВО
ДОБИВКИ
АКЦИИ
ИНВЕСТИЦИИ
и др.

За тие што користат компјутер во секојдневниот живот можат да најдат на интернет разни софтвери и програми обично во Ексел формат за водење на план за личен буџет каде има автоматски пресметки за месечни трошоци и приходи и крајно салдо. Исто така автоматски имате преглед на трошоци по ставки за секој месец со што е олеснета финансиската анализата за секој месец и годишна финансиска анализа која секако ќе ви помогне во носењето на одлуките врз основа на тие анализи. Во прилог имате неколку линкови каде можете да ги најдете тие програми кои можете да ги прилагодите за вашите потреби.

https://templates.office.com/en-US/Family-budget-TM02930056

https://www.kiplinger.com/tool/spending/T007-S001-budgeting-worksheet-a-household-budget-for-today-a/index.php

https://christianpf.com/10-free-household-budget-spreadsheets/



| Income | Frequency | Amount | Monthly | Yearly |
|---|---|---|---|---|
| Income #1 | Monthly | $2,345 | $2,345 | $28,140 |
| Income #2 | Monthly | $3,500 | $3,500 | $42,000 |
| Additional Income | Monthly | $25 | $25 | $300 |
| Total Budgeted Income | | | $5,870 | $70,440 |

| Expenses | Frequency | Amount | Monthly | Yearly |
|---|---|---|---|---|
| Housing | | | | |
| Mortgage/Rent | Monthly | $1,300 | $1,300 | $15,600 |
| Maintenance | Yearly | $250 | $21 | $250 |
| HOA Dues | Yearly | $0 | $0 | $0 |
| Total | | | $1,321 | $15,850 |
| Transportation | | | | |
| Car loan #1 | Monthly | $400 | $400 | $4,800 |
| Car loan #2 | Yearly | $0 | $0 | $0 |
| Gas | Monthly | $75 | $75 | $900 |
| DMV Fees | Yearly | $100 | $8 | $100 |
| Parking Fees | Yearly | $0 | $0 | $0 |
| Oil Changes | Yearly | $200 | $17 | $200 |
| Repairs | Yearly | $150 | $13 | $150 |
| Maintenance | Yearly | $50 | $4 | $50 |
| Total | | | $517 | $6,200 |
| Medical | | | | |
| Office Visits | Yearly | $100 | $8 | $100 |
| Dental | Yearly | $0 | $0 | $0 |
| Glasses/Contacts | Yearly | $200 | $17 | $200 |
| Specialty Care | Yearly | $0 | $0 | $0 |
| Medications | Yearly | $75 | $6 | $75 |
| Medical Devices | Yearly | $0 | $0 | $0 |
| Total | | | $31 | $375 |
| Utilities | | | | |
| Natural Gas | Monthly | $70 | $70 | $840 |
| Electric | Monthly | $75 | $75 | $900 |



И можеби најпопуларен начин е користење на апликации за водење план за буџет на мобилните апарати, со кој можете веднаш да ги внесувате трошоците и приходите бидејќи мобилниот е секогаш во вас. Во прилог имате неколку примери на апликации можете да си одберете која вас ви одговара согласно вашите потреби.

MONEY LOVER

WALLY

GOODBUDGET

SAYMONEY

WALLET

1MONEY


















## АНАЛИЗА

Финансиската писменост како што рековме предходно пред се е одговорно и дисциплинирано однесување со парите. За да дојдете до позитивни резултати потребно е одговорно и дисциплинирано да ги внесувате во табелата сите направени трошоци поделени по наведените ставки и исто така сите приходи во тековниот месец. За да се дојде до некоја првична анализа на вашата финансиска ситуација можно е после првите три месеци од вашиот план за буџет. Доколку вкупното салдо е негативно потребно е веднаш да се донесат одлуки и да се пронајдат ставките кај кои имате преголеми трошоци и тие да се намалат или укинат со што би се намалиле вкупните трошоци, а тие средства да се пренаменат во ставки кои ќе допринесат за понатамошно зголемување на приходите.

Големиот милионер **Гранд Кардоне** дава еден совет при ваква ситуација и вели: **Не секогаш намалувањето на трошоците е решение за ситуацијата, можеби подобро е да размислувате да најдете начин да ги зголемите приходите и така го решите негативното салдо**.

Ако во десната страна на приходите имате само една ставка а тоа е платата тогаш сте многу блиску до банкрот. Едно од најдобрите решенија да имате позитивни салдо во вашиот план е да имате повеќе извори на приходи, дали ќе имате дополнителна работа или хонорарна дејност секој во зависност од своите способности и знаења треба да се труди да не зависи само од еден извор на приход.

Со зголемување на вашата финансиска писменост ќе можете да ги препознаете кои се причините за зголемените трошоци кои ставки ви се непотребни и кои се вашите приоритети. Со тоа секој месец ќе можете да ги планирате средствата од буџетот кои ќе ви останувaат непотрошени за реализирање на вашите зацртани цели краткорочни и долгорочни. Со долгорочно одговорно управување со личниот буџет ќе стекнете знаења да управувате со парите до тој степен да можете да ги инвестирате со што ќе имате редовни таканаречени пасивни приходи.

Мојот омилен автор **Роберт Киосаки** во својата книга препорачува **“Направете парите да работат за Вас а не вие да работите за пари”.**

Финансиската писменост претставува одраз на квалитетот на вашиот живот. Ако имате желба да живеете квалитетен живот треба да станете финансиски писмени така најбрзо ќе дојдете до финансиската слобода. Но тоа е вештина која се стекнува во текот на животот и која бара континуирано учење.

Овој прирачник е наменет да допринесе за подобрување на вашето финансиско здравје давајќи ги првите темелни чекори кон финансиската писменост а на Вас останува да продолжите со учење и стекнете нови знења а со тоа ја зголемите вашата економска и финансиска сигурност.

За повеќе информации следете ја мојата web страна каде можете да прочитате повеќе на тема финансиска писменост како и да погледате видеа на таа тема и секако може да закажете термин за лични консултации:

**www.radeskistojce.com**

Мојата страната на Facebook: **Финансиска писменост МК – Стојче Радески**

**Ви посакувам успешни чекори и напредок**

